РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 15-9618/1
15.12 2017 год.
СКОПЈЕ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

на единицата за внатрешна ревизија во

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

---

за периодот

2018 ГОДИНА - 2020 ГОДИНА

Декември, 2017 година

Скопје

Содржина

I. ВОВЕД

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија

II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност

2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола

III. ЦЕЛИ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА

V. ОЦЕНКА НА РИЗИК

5.1. Пристап до проценка на ризик

5.2. Фактори на ризик

5.3. Резултати од проценката на ризик за целите на стратешко планирање

VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ

6.1. Врската на приоритетни области за ревизија со спроведената анализа

6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање

VII. Кадровски потреби на единицата за внатрешна ревизија

VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

IX. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

### 1.1. Преглед

Овој Стратешки план ги содржи најважните цели, приорите и активности на внатрешната ревизија во Министерство за труд и социјална политика за периодот 2018 година - 2020 година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на Министерството за труд и социјална политика и институциите во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во Стратешки план за 2018-2020 година, а произлегуваат од Закон за социјална заштита, Закон за инвалдиски организации, Закони од областа на трудовото законодавство, правилници од областа на средствата доделени од европските фондови, Закони од областа на заштита на децата, Закони од областа на пензиски инвалдски односи и Закон од областа на еднакви можности.

Стратешкиот план се базира на проценка на ризикот и е во согласност со Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2010), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр 113/2014), како и Насоките за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија објавени на веб страната на Министерството за финансии.

Стратешкиот план се однесува за период 2018 - 2020 година и претставува ажурирана верзија на претходниот Стратешки план за периодот 2017 - 2019 година. Пиричините за ажурирање на Стратешкиот план е проемнетите ризици во работењето на институцијата.

### 1.2. Организациска структура и опфат на работа на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето;

ЕВР како Сектор за внатрешна ревизија, основана во Министерство за труд и социјална политика врши функција на внатрешна ревизија во Министерство за труд и социјална политика и институциите во надлежност согласно листата која е содржана во прилог на Стратешкиот план.

Согласно Правилник за систематизација на работни места во Министерството за труд и социјална политика со бр.04-7280/2 од 26.08.2015 година, ЕВР станува Сектор за внатрешна ревизија со две одделенија.

ЕВР спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, единките корисници, сите структури, програми, активности и процеси, вклучувајќи ги и оние на корисниците на средства од ЕУ фондовите, како и кај правните и физички лица со кои субјектот кај кој се врши внатрешна ревизија има деловни односи и кои користат јавни средства.

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Стратешкиот план за периодот 2018 - 2020 година е изготвен врз основа извршен преглед на целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, како и состојбата на развиеноста на системот за финансиско управување и контрола. Прегледот се заснова на информациите собрани преку анализа на стратешките документи, анализа на програмите содржани во буџетот или финансискиот план за периодот за кој се донесува овој Стратешки

план, одговори на прашалници, состаноци и разговори со раководството, резултати од анализата на друга документација што е јавно достапна или од други извори и анализа на документацијата во врска со состојбата на системот на внатрешна контрола.

**2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност**

Министерството за труд и социјална политика во Стратешкиот план за 2018 - 2020 година дефинираше 4 клучни стратешки цели:

- зајакнување на капацитетите во користење на средствата од социјална заштита;

- подобрување на условите на лицата со хендикеп во општеството, преку националните инвалидски организации;

- зајакнување на капацитетите на установите под социјална заштита;

- зајакнување на капацитетите во секторите во Министерството за труд и социјална политика;

Погоре наведените клучни цели се предвидуваат да се постигнат преку следните активности:

- преку целосна проверка на системот на правата на корисниците на социјланите трансфери, почитување на правилниците за донесување и процедурите за работа на министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа;

- проверка и контрола на програмите на инвалидските организации и проверка на финансиските текови во инвалидските оргaгнизации. Ставен фокус на правата на самите корисници на правата на инвалидските организации;

- целосна конторла на годишните планови на установите и искористување на финансиските средства и почитување на законските и подзаконските акти во самите установи и проверка на нивно правилно применување и функционирање;

- проверка на функционирањето на секторите во рамките на Министерството за труд и социјална политика и нивно законско и навремено постапување согласно, националните и стратешките приоритети на министерството;

| **Програми/Проекти** | **Буџет 2017 година (денари)** | **Проектиран буџет 2018 година (денари)** |
|---|---|---|
| Национални инвалдиски организации на Република Македонија | 66.000.000 | 66.000.000 |
| Министерство за труд и социјална политика | 41.157.473.000 | 46.843.650.091 |
| Бањско-климатска рекреација за пензионери | 35.000.000 | 35.000.000 |
| Рефундирање данок и царински давачки за набавка на возило за лица со инвалидност | 6.000.000 | 6.000.000 |
| Програма за субвенционирање на сметки за електрична енергија за социјално загрозени семејства | 94.000.000 | 92.400.000 |
| Права за борци и воени инавилиди | 380.400.000 | 380.400.000 |

**2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност**

Реализацијата на програмите, потпрограмите и активностите кои произлегуват од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија ќе овозможат:

- Подобрување на состојбите на пазарот на трудот, учество на социјалните партнери во креирање и имплементација на политиките и континуирана хармонизација на домашното трудово законодавството со препораките и директивите на ЕУ. Постапување и креирање на акти во доменот на прашањата на пазарот на трудот и безбедноста и здравјето при работа, со цел воспоставување на еднакви пазарни механизми за сите актери во економијата и обезбедување на заштита и безбедност на работните места на вработените;

- Имплементирање на развојна социјална сигурност, преку системите на социјалната заштита, социјалната инспекција, пензиското и инвалидското осигурување, заштитата на децата, интеграција на Ромите 2020 , поддршка на демографскиот развој заштита на борците и на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на Република Македонија, консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот;

- Имплементирање на еднакви можности за мажите и жените, како и заштита, превенција од секаков вид на дискриминација;

- Апсорпција на претпристапните фондови на ЕУ (ИПА ), програмите од Унијата на Заедницата, како и на следењето на заштитата на човековите права и слободи, во согласност со стандардите утврдени со Европската социјална повелба на Советот на Европа;

- Развивање на објективни, ефикасни, ефективни и усогласени стратешки документи, политики, вертикални и хоризонтални активности во органот, согласно со буџетскиот лимит, кој произлегува од Законот за буџетите, со цел да се придонесе за остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија;

- Обезбедување на јакнење на административните и организациските капацитети во насока на спроведување на реформските процеси на јавната администрација и државните службеници, како и реформските активности кои се насочени кон постигнување на успех, подобрување на организациската ефикасност преку примена на внатрешната контрола, за обезбедување на регуларност, успешност во работењето, кое е усогласено со финансиското работење и законските прописи во државата.

**2.3. Состојба на системот на финансиско управување и контрола**

Со цел да се утврди состојбата на системот за финансиско управување и внатрешна контрола во Министерството за труд и социјална политика и органите во состав на министерството, Државниот завод за ревизија има извршено ревизии на повеќе процеси и тоа:

- Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија за 2012 година. Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење без резерва во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

- Ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Македонија за 2010 година. Во извештајот се опфатени функционалните области на финансиско известување, оценка на системот на интерни контроли во процесот на плаќање, користените сметководствени политики и начела, испитување на докази за потврдување на конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот при што се констатирани одредени пропусти и неправилности во работењето.

- Ревизија на успешноста која се однесува на ефикасноста на превземените мерки, политики и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија. Утврдените состојби упатуваат дека е потребно определување на попрецизни насоки во стратешките документи и програми кои се однесуваат на дејноста одмор и рекреација на деца, на ниво на Република Македонија, не постои мрежа и централна евиденција (регистар) на објекти за одмор и рекреација на деца, финансиските и човечките ресурси во делот на надзорот се недоволни за управување на објектите. Овие наведени состојби влијаат на начинот на управување со објектите за одмор и рекреација на деца и нивна искористеност.

- Ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија кај Министерство за труд и социјална политика за 2013 и дел од 2014 година. Од страна на МТСП се превземени соодветни политики и конкретни активности за донесување и имплементирање на стратешки документи, подзаконски и интерни кати, ИСО стандарди за управување со квалитетот за значајните кативности, извршено е делегирање на надлежности и одговорности, воспоставени се финансиски контроли, контроли во пристапот до ресурсите, општи и апликативни контроли во ИТ системот, систем на комуникација и размена на информации и начин на планирање, извршување, известување и мониторинг на внатрешната ревизија. Не е подготвена Стратегија за управување со ризици и не е воспоставен систем на beck up систем на податоците на надворешна локација;

- Ревизија на успешност - Згрижувачки семејства како форма на вонинституционална заштита е спроведена со цел да даде оценка на ризиците и можностите за подобрување на системот на згрижувачко семејство како најдобра алтернатива на институционалната заштита. Во услови на ограничени буџетски средства Министерството не е во можност целосно да презема активности за унапредување на системот на згрижување во друго семејство, а постојат можности за зголемување на ефективноста во овозможување на соодветна нега и заштита на децата без родители и родителска грижа. Згрижувачките семејства во земјата ги исполнуваат обврските и согласно своите можности обезбедуваат нега на децата кои растат во средина исполнета со љубов, што значи дека процесот на селекција на згрижувачките семејства во најголем број случаи е успешен.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Земајќи ги предвид целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, степенот на развиеност на финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија во наредниот тригодишен период планира да го реализира следното:

Наведете ги целите и насоката за работата на внатрешната ревизија за наредниот тригодишен период:

1. зајакнување на системот на контрола на трошење на средствата од игри на среќа од страна на националните инвалидски организации на РМ;

2. зајакнување на системот на финансиско управување во установите под надлежност на Министерството за труд и социјална политика;

3. придонес во намалување на наодите дадени од страна на државен завод за ревизија во секторите во Министерство за труд и социјална политика и органите во состав;

4. зајакнување на системот на контрола во областа на исплата на социјалните трансфери;

5. Зајакнување на сиситемот за управување и контрола за потребите на рационализација во работењето, остварување на можни заштеди за одредени категории на расходи, поголеми можности за користење на ЕУ фондовите и слично.

Потребно е да се нагласи дека работата на внатрешната ревизија генерално резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли, а дека само со активна примена на овие контроли од страна на раководството можно е да се остварат и мерливи ефекти од нивното спроведување.

Со цел искажување на мерливата додадена вредност на внатрешната ревизија, внатрешната ревизија ќе следи не само дали препораките се спроведени или не, туку ќе ги следи и ефектите од спроведувањето на препораките.

**IV. Потенцијални области на ревидирање**

Потенцијалните области на ревидирање може да се утврдат со користење на комбиниран пристап на начин дека се:

- утврдени заеднички хоризонтални процеси кои се спроведуваат во сите организациони единици во сите институции од надлежност, а вклучувајќи ги процесите од буџетскиот циклус
- утврдени се програми и капитални проекти кои се планира да се реализираат во текот на периодот опфатен со стратешкиот план, вклучувајќи програми и проекти кофинансирани од фондовите на ЕУ
- утврдени се основните функции во надлежност на Министерството и органите во состав, на кои се групирани институциите од надлежност (установи за детска заштита, установи за згрижување на пензионери, установи за социјални дејности и сл.)

Во одредувањето на потенцијалните области на ревизија е првенствено се користи пристап на организационата структура, и потенцијалните области се дефинирани во согласност со активностите на одделни организациони единици на Министерството за труд и социјална политика и за активностите и работењето на институциите на надлежност.

Дополнително, Секторот за внатрешна ревизија при утврдувањето на потенцијалните области за ревизија исто така го зеде предвид следново:

- воспоставени се хоризонтални процеси во Министерството за труд и социјална политика и институции во надлежност на Министерството;

- приоритетите на работењето на Министерството и надлежните институции се утврдуваат во однос на најважните програми во пресметките на институциите и други достапни информации;

- специфичностите во рамките на Министерството за труд и социјална политика поврзани со обврската за ревизија на областа на социјалната заштита, детската заштита, трудовото право, родова еднаквост и сл., односно службените контроли;

- идентификувани се други финансиски значајни активности;

- воспоставени се програми финансирани од ЕУ фондови;

- воспоставени се капитални проекти во Министерството и институциите кои се планираат да се спроведат во периодот опфатен со стратешкиот план;

## V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### 5.1. Пристап во утврдувањето на ризикот

Во одредувањето на ризикот на внатрешна ревизија се користат податоците содржани како потенцијални ризици со Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политик. Ризици се идентификувани на ниво на секоја специфична цел на Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика.

За целите на дефинирање на ризикот во големи проекти, операции и процеси и функционални активности на институциите во рамките на Министерството за труд и социјална политика анализирани достапни релевантни документи кои се регулира работењето на институциите, како и финансиските извештаи на институциите во надлежност на Министерството.

Извештаите на Државниот завод за ревизија беа анализирани за ревизиите што ги спроведоа Министерството за труд и социјална политика.

Врз основа на анализа на сите достапни податоци со користење на дополнителни понатаму односно дефиниција. Идентификација на ризикот во Министерството и во надлежност на ниво на потенцијалните области на ревизијата која ја обезбедува основата за конечната оцена на влијанието и веројатноста на ризик, пресметка во одредена област на ревизијата и нивно рангирање.

Се идентификувани следните категории на ризик:

- финансиски ризик
- ризик на ликвидност
- ризик од информациски систем
- ризик од човечки ресурси
- планирање на ризикот
- ризик од комуникација и информации
- следење на ризикот
- ризик од неправилности, измама и корупција
- ризик од организациона структура
- ризик на засегнатите страни
- ризик од политичко влијание
- ризик од интегритет на податоците
- ризик од надворешни соработници
- ризик од процесот
- технолошки ризик
- репутациски ризик
- правен ризик
- регулаторен ризик
- ризик од управување со имот

### 5.2. Фактори на ризик

При оцена на влијанието и веројатноста на ризикот земени се во предвид различните фактори на ризици и во согласност со нивните дефинирани нивоа, како што се категориите на ефектите и веројатностите.

Еден од клучните фактори е разгледување на финансиската вредност на одделните програми, проекти и активности или нивното учество во вкупниот буџет на Министерството и на надлежните институции. Исто така, анализирани се долгорочните трендови на одредени

индикатори за финансиско работење (тренд на зголемување на расходите за одредени активности или процеси).

Министерството има функција на Управниот орган на фондовите на ЕУ и учествува во распределбата на ресурси за корисниците преку акција или конкуренција. Како фактор на ризик исто така, беше посветено внимание на интересот на корисниците на услугите, што го оправдува зајакнувањето на довербата на јавноста и комплексноста на регулативата што ги регулира овие области.

Сложеноста на законодавството што ги регулира поединечните области исто така се разгледува при оценувањето на влијанието и веројатноста за појава на ризици, како и очекуваните промени во регулативите.

Ревизорските извештаи кои се изготвуваат од Државниот завод за ревизија и други приватни надворешни ревизии се земаат целосно во предвид, како потенцијални ризици во предвидувањето и планирањето на ревизиите во стратешкиот план.

Внатрешна ревизија мора да води сметка дека комбинацијата на повеќе поврзани фактори на ризик на крајот доведува до поголема изложеност на ризик и затоа е неопходно да се разгледа поврзаноста на факторите на ризици односно комбинацијата на повеќе фактори на ризик.

### 5.3. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

Во согласност со разгледаните фактори на ризик и нивото на влијанија и веројатности, се оценуваат нивоата на ризик за одредени области на проценка на ризик:

- специфични области на ревизијата на официјалните контроли кои се вршат за да се обезбеди проверка на усогласеноста со прописите за социјални трансфери како висок ризик;

- јавни набавки како чувствителна област во работењето на Министерството за труд и социјална политика и органите во состав како висок ризик;

- распределбата на државни средства на националните инвалдиски организации во Република Македонија како висок ризик;

- распределба и реализација на буџетот на Министерстовото и органите во состав како висок ризик;

- останати области на ревизијата се проценуваат како среден ризик;

## VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ 2018 - 2020 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдена е листа на приоритети на ревидирање за периодот 2018 - 2020 година.

### 6.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање со спроведените анализи

Табела 1: Врска на приоритетните области на ревизија со спроведените анализи и проценката на ризиците

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | ЛИНКОВИ/ВРСКИ | | | | | | | | ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Придонес на стратешките приоритети | Национална Програма за реформи | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ средства | Наоди на надворешната ревизија (ДЗР, Ревизорско тело) | Ниво на ризичност | Барање на раководството | Останато | |
| 1. | Контрола на спроведени проекти од средства од ИПА IV | | | | X | | | | | Контрола на процесот на доделување на средствата и начинот на спроведување на мониторнигот во реализацијата на проектите |
| 2. | Контрола на средства доделени на национални инвалдиски организации на РМ | | X | | | | | | | Контрола на програмските активности и потрошените финансиски средства во реализација |
| 3. | Контрола на правото од социјални трансфери од | | | X | | | | | | Контрола на процесот на доделување на решенија за |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | социјална заштита | | | | | | | | | одредено право од Законт за социјална заштита и исплатата |
| 4. | Контрола на материјално - финансиско работење | | | X | | | | | | Контрола на јавните набавки, процесот на изготвување и прикажување на финансиските резултати во финансиските извештаи. Материјалноти работење во Министерството и органите во состав. |
| 5. | Контрола на правото од социјални трансфери од детска заштита | | | X | | | | | | Контрола на процесот на доделување на решенија за одредено право од Законт за заштита на децата и |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | исплатата |
| 6. | Контрола на области од трудово право | X | | | | | | | | Контрола на процесот на спроведување на пропишаните законски, подзаконски акти во делот на трудовото право |

6.2. Листата на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за 2018 - 2020 година

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | (Прва година на стратешкиот план) | (Втора година на стратешкиот план) | (Трета година на стратешкиот план) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Национален сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија | ✓ | | |
| 2. | Ревизија на финансиските извештаи за 2017 година во ЈУ Детски дом 11 Октомври - Скопје | ✓ | | |
| 3. | Ревизија на усогласеност во Министерство за труд и социјална политика во Сектор за водење на прекршочна постапка во областа на работни односи и областа на безбедност и здравје при работа | ✓ | | |
| 4. | Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Национален сојуз на слепите на Република Македонија | ✓ | | |
| 5. | Ревизија на финансиски извештаи за 2017 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица | ✓ | | |
| 6. | Ревизија на усогласеност во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за IV компонента | ✓ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Струмица права од социјална заштита за 2018 година | | ✓ | |
| 8. | Ревизија на внатрешна контрола во Управа за прашања на борци и воени инвалиди за 2018 година | | ✓ | |
| 9. | Ревизија на усогласеност во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за IV компонента | | ✓ | |
| 10. | Ревизија на внатрешна контрола во ЈУ специјален завод Демир Капија за 2018 година | | ✓ | |
| 11. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Охрид права од социјална заштита за 2018 година | | ✓ | |
| 12. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Кавадарци права од детска заштита за 2018 година | | ✓ | |
| 13. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Велес права од социјална заштита за 2019 година | | | ✓ |
| 14. | Ревизија на внатрешна контрола во Сектор за човечки ресурси за 2019 година | | | ✓ |
| 15. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Ресен права од детска заштита за 2019 | | | ✓ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | година | | | |
| 16. | Ревизија на регуларност во ЈУ МЦСР Гевгелија права од социјална заштита за 2019 година | | | ✓ |
| 17. | Ревизија на усогласеност во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за IV компонента | | | ✓ |
| 18. | Ревизија на внатрешна контрола во ЈУ Дом за доенчиња - Битола за 2019 година | | | ✓ |
| **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | | **6** | **6** | **6** |

## VII. КАДРОВКСИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите на овој Стратешки план.

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКИТЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите во Министерството за труд и социјална политика и резултатите на спроведените проценки на ризикот.

По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.

Одговорното лице на институцијата ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план.

Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Во текот на тригодишниот период, Секторот за внатрешна ревизија ќе се фокусира на постигнување на следните цели и тоа:

- зајакнување на капацитетите во користење на средствата од социјална заштита;

- подобрување на условите на лицата со хендикеп во општеството, преку националните инвалидски организации;

- зајакнување на капацитетите на установите под социјална заштита;

- зајакнување на капацитетите во секторите во Министерството за труд и социјална политика;

Погоре наведените клучни цели се предвидуваат да се постигнат преку следните активности:

- преку целосна проверка на системот на правата на корисниците на социјланите трансфери, почитување на правилниците за донесување и процедурите за работа на министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа;

- проверка и контрола на програмите на инвалидските организации и проверка на финансиските текови во инвалидските оргагнизации. Ставен фокус на правата на самите корисници на правата на инвалидските организации;

- целосна конторла на годишните планови на установите и искористување на финансиските средства и почитување на законските и подзаконските акти во самите установи и проверка на нивно правилно применување и функционирање;

- проверка на функционирањето на секторите во рамките на Министерството за труд и социјална политика и нивно законско и навремено постапување согласно, националните и стратешките приоритети на министерството;

Датум: 15.12.2017

Потпис на раководителот на внатрешната ревизија

Потпис на одговорното лице на институцијата